ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-164/9**

**Дата: 15.12.2010**

ДО

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ" - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основното Училиште „Јан Амос Коменски" - Скопје (во понатамошниот текст ОУ „Јан Амос Коменски") - сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата не утврдивме материјално погрешни прикажувања кои би имале ефекти врз финансиските извештаи поради што ние изразивме позитивно мислење во врска со реалноста и објективност на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата констатирани се неосновано остварени приходи од закупнини поради непренесено право на сопственост на објектот во кој училиштето ја извршува својата дејност од централно на локално ниво.

Ревизијата препорачува одговорното лице на училиштето да го извести органот на општина Карпош за потребата од регулирање на сопственоста и донесување на посебен акт со кој ќе го уреди начинот на користење и располагање со недвижностите.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 5 до 6 заедно со ревизија на усогласеност на ОУ „Јан Амос Коменски“ - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ОУ „Јан Амос Коменски“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Маја Старова, директор од 29.01.2004 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОУ „Јан Амос Коменски“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.10.2010 до 23.10.2010 кај ОУ „Јан Амос Коменски“ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 20.10.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-164/4 од 29.10.2010 година.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. ОУ „Јан Амос Коменски“ остварило приходи од закупнина на фискултурна сала и објект за исхрана на учениците, кои се во состав на објектот што го користи училиштето, во вкупен износ од 149 илјади денари. До датумот на ревизијата, општина Карпош како основач на училиштето не се стекнал со право на сопственост на објектот во кој училиштето ја извршува дејноста, во согласност со Одлуката на Владата за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта, на општините и на општините во Градот Скопје од 2005 година, според која сопственичките права на ОУ „Јан Амос Коменски“ треба да припаднат на општина Карпош и истите да бидат евидентирани во неговата евиденција. Имајки предвид дека не настанала промена на сопственоста од централно на локално ниво, училиштето не постапило согласно член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и неосновано се стекнало со средства од закупнина кои треба да се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Одговорното лице на училиштето да го извести органот на општина Карпош за потребата од регулирање на сопственоста и донесување на посебен акт со кој ќе го уреди начинот на користење и располагање со недвижностите.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОУ „Јан Амос Коменски“ – сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на наодот изнесен во точката 3.1.1, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОУ „Јан Амос Коменски“ – сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 10.12.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 312 | 692 |
| Трансфери и донации | 12 | 7 |
| **Вкупно приходи** | **324** | **699** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 0 | 5 |
| Стоки и услуги | 294 | 650 |
| **Вкупно тековни расходи** | **294** | **655** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 22 | 32 |
| **Вкупно капитални расходи** | **22** | **32** |
| **Вкупно расходи** | **316** | **687** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **8** | **12** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **8** | **12** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 9 | 12 |
| Побарувања | 193 | 9 |
| Активни временски разграничувања | 117 | 21 |
| **Вкупно тековни средства** | **319** | **42** |
| **Вкупна актива** | **319** | **42** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 117 | 21 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 2 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 200 | 21 |
| **Вкупно тековни обврски** | **319** | **42** |
| **Вкупна пасива** | **319** | **42** |